МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНФЕКТОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION
MACEDONIAN INFECTIOUS DISEASES SOCIETY







# II КОНГРЕС НА ИНФЕКТОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
## СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО



# II[nd] MACEDONIAN CONGRESS OF INFECTIOUS DISEASES
## WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

# ЗБОРНИК НА РЕЗИМЕА
# ABSTRACTS



20-24.05.2003
Охрид, Р. Македонија
Ohrid, R. Macedonia



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мак мед преглед | 53:(Суплемент 37) | Стр. 1-194 | Скопје | 2003 |

Македонско лекарско друштво
Здружение на инфектолозите на Македонија

Macedonian Medical Association
Macedonian Infectious Disease Society

# ЗБОРНИК НА РЕЗИМЕА

# *BOOK OF ABSTRACTS*

II Конгрес на инфектолозите на Македонија
со меѓународно учество

2-nd Macedonian congress of infectious diseases
with intarnational participation

20 – 24 Мај 2003
Охрид
Републиока Македонија

May 20 - 24, 2003
Ohrid
Republic of. Macedonia

*Издавач*
**Македонско лекарско друштво**
**Здружение на инфектолозите на Македонија**

*Publisher*
**Macedonian Medical Association**
**Macedonian Infectious Diseases Societ**

*За издавачот*
**Љубомир Ивановски**

*For the Publisher*
**Ivanovski Ljubomir**

*Главен и одговорен уредник*
**Магдалена Гашева**

*Editor in Chief*
Gaseva Magdalena

*Секретари*
**Крсто Гроздановски**
**Бобан Тошевски**
**Милена Стефановиќ**

*Secretaries*
**Grozdanovski Krsto**
**Tosevski Boban**
**Stefanovic Milena**

*Технички секретари*
**Марија Димзова**
**Иван Видиниќ**
**Маја Дугановска Василевска**

*Technical Secretaries*
**Marija Dimzova**
**Ivan Vidinic**
**Duganovska Vasilevska Maja**

*Печати*
**Графотисок, Скопје**

*Print*
**Grafotisok, Skopje**

**Тираж**
400

**Number of copies**
400

UDK: 61+061.231=866=20
CODEN: MKMPA 3 ISSNOO 25-1097

## ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР / ORGANIZING COMMITTEE

| | |
|---|---|
| *Претседател* | *President* |
| **Љубомир Ивановски** | **Ivanovski Ljubomir** |
| *Главен секретар* | *Secretary General* |
| **Магдалена Гашева** | **Gaseva Magdalena** |
| *Членови* | *Members* |
| **Димитар Димитриев** | **Dimitriev Dimitar** |
| **Виолета Груневска** | **Grunevska Violeta** |
| **Боро Шаин** | **Sain Boro** |
| **Данчо Балаловски** | **Balalovski Danco** |
| **Неџми Села** | **Sela Nedzmi** |
| **Нехат Хиса** | **Hisa Nehat** |
| *Благајник* | *Treasures* |
| **Цветанка Евтимовска** | **Evtimovska Cvetanka** |

## ЛОКАЛЕН ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР / LOCAL ORGANIZING COMMITTEE

| | |
|---|---|
| **Иван Пендов** | **Pendov Ivan** |
| **Стојан Николовски** | **Nikolovski Stojan** |
| **Алексова Светлана** | **Aleksova Svetlana** |
| **Лидија Љаткова** | **Ljatkova Lidija** |

## НАУЧЕН ОДБОР / SCIENTIFIC COMMITTEE

| | |
|---|---|
| *Претседател* | *President* |
| **Климент Каровски** | **Karovski Kliment** |
| *Членови* | *Members* |
| **Звонко Миленковиќ** | **Milenkovic Zvonko** |
| **Љиљана Кртова** | **Krtova Ljiljana** |
| **Ирена Кондова** | **Kondova Irena** |
| **Снежана Стојковска** | **Stojkovska Snezana** |
| **Миле Босилковски** | **Bosilkovski Mile** |
| **Весна Семенакова Цветковска** | **Semenakova Cvetkovska Vesna** |
| **Јулијана Ивановска** | **Ivanovska Julijana** |

фокуси кои можеле да бидат провоцирачки фактор. Поделени се према возраст, пол, место на живеење и национална припадност. Спроведена е адекватна локална и per os терапија.

*Резултати-* Направената анализа на 43-те пациенти со herpes zoster, укажува на тоа дека кај 23 од нив или скоро 50%, провоцирачки фактор бил психичкиот стрес, а кај останатите бил инфекциски фокус во организмот. Повеќе се застапени жените Македонки од градска средина на живееењ, но карактеристично е што возрасната граница најчесто е меѓу 60год. и 70год. (17пациенти) и меѓу 25год и 38год.(16 пациенти). Кај сите е спроведена локална и per os виростатска и поливитаминска терапија.

*Заклучок-* Поради стресниот начин на живеење и пореметениот хигиено-диететски режим,возрасната граница на пациенти со herpes zoster се поместува кон помладата популација. Затоа е потребно секогаш куративата и превентивата да ги применуваме паралелно.

## VARICELLAE-КОМПЛИКАЦИИ

*Анастасовска А., Кондова И., Илиева Љ., Забазноска Л., Димзова М., Пасталовска М.*
Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Клинички центар, Скопје, Р. Македонија.

*Цел на трудот*: да се прикажат најчестите компликации кај варицелата кои се причина за хоспитално лекување на истата.

*Материјал и методи*: користена е ретроспективна анализа на серија од 70 пациенти лекувани на Одделот за респираторни и исипни болести при Клиниката за инфективни болести и фебрилни сосотјби-Скопје, во период од 1998-2003 година. Покрај анамнестичките и епидемиолошките податоци, следени се и стандардните лабораториски и биохемиски анализи, клиничката симптоматологија, микро-биолошките, серолошките, рентгенграфските, а кај случаите со CNS манифестации наодите од CSP, KTM и EEG промени.

*Резултати:* во периодот од 1998-2003 на Одделот за исипни и респираторни заболувања беа хоспитализирани вкупно 70 пациенти од кои 25 беа женски пол односно 35.71% и 45 машки или 64.29 %. Средно време на хоспитализицija изнесуваше 9 (8.95) болнички денови. Од вкупно хоспитализираните 34 болни (48.57 %) беа со компликации. Најзастапени компликации беа од страна на респираторниот систем, 73.52% од вкупните комликации: бронхопнеумонии 21 болен (61.76%), бронхити 3 болни, (8.82%) и една лакунарна ангина 2,94%. Втори по застапеност беа манифестации од страна на ЦНС изразено во проценти 26.47, од кои 8 болни (23.53%) со церебелит, и еден болен (2.94%) со енцефалит. Во поретки компликации беа застапени компликациите од страна на кожа и меки ткива, еден болен, 2.94%, како флегмона. Од вкупниот број на хоспитализирани регистрарани се 3 болни со две и повеќе компликации и тоа 4.28 отсто. Според возраста преовладуваше школската возраст 32 болни (45.71%) и предшколската 26 болни (37.14%)

*Заклучок*: Од направената ретроспективна анализа, може да се види дека најчести компликации кои се јавуваат кај варицела, се долно респираторните: пнеумониа и бронхитис, и манифестации од страна на ЦНС, а најатакирана возраст се децата од 6-16 годишна возраст. Во ниту еден случај не е верифицирана било каква, трајна секвела.